**20251733729**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 16 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25 ), министерот за култура и туризам, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ МЕСЕЧНИ НАДОМЕСТОЦИ ОД СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД НА САМОСТОЈНИТЕ УМЕТНИЦИ

## ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување месечни надоместоци од средства од Буџетот на Република Северна Македонија за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за данокот на личен доход на самостојните уметници (во натамошниот текст: месечни надоместоци).

## УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ МЕСЕЧНИ НАДОМЕСТОЦИ

Член 2

За доделување месечни надоместоци, самостојниот уметник треба да ги исполни следниве услови:

- да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија како трговец-поединец самостоен уметник за вршење уметничка дејност во согласност со Законот за културата и Законот за трговските друштва;
- да е државјанин на Република Северна Македонија со постојано живеалиште/престојувалиште во Република Северна Македонија;
- да не остварил право на пензија; и
- да не е редовен студент.

Месечни надоместоци може да му се доделат на самостоен уметник кој создава или изведува дела од уметничкото творештво и кој исполнува најмалку еден од критериумите од членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од овој правилник.

Делата кои самостојниот уметник ги создава, односно изведува треба да се јавно соопштени (издадени, пренесени, изведени, прикажани, радио-дифузно емитувани, изложени или на друг начин ставени на располагање на јавноста).

Делата кои самостојниот уметник ги создава, односно изведува треба да се:

- видливи во јавноста (за делата има објави во дневни весници и/или на интернет страници, или делата се застапени и верификувани од страна на домашната културна и стручна сцена или за делата самостојниот уметник има добиено домашни награди и/или признанија и/или позитивни осврти, рецензии, критики и медиумски објави во Република Северна Македонија или
- меѓународно афирмирани (за делата има остварени меѓународни претставувања, соработки, учества на меѓународни манифестации и други настани, или за кои самостојниот уметник има добиени меѓународни награди и/или признанија, или позитивни осврти, рецензии, критики и медиумски објави во странство или

- проекти кои биле или се избрани за проекти од национален интерес на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата односно во филмската дејност согласно Законот за културата односно Законот за филмската дејност.

КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ МЕСЕЧНИ НАДОМЕСТОЦИ ПО ОДДЕЛЕНИ ВИДОВИ ТВОРЕШТВО

**Критериуми за визуелни уметности, архитектура и применети уметности**

Член 3

Самостојниот уметник од областа на визуелните уметности, во последните пет години треба да има:

- најмалку две самостојни изложби/проекти во нови медиуми, во галерии, музеи, други изложбени простори и во јавен простор и учество со различни дела во пет групни изложби, односно пет групни проекти со различни дела, или
- најмалку 40 карикатури во медиуми, или
- најмалку 80 стрип-шлајфни.

Самостојниот уметник од областа на архитектурата, во последните пет години треба да има:

- учество во архитектонски проекти на најмалку два изведени јавни објекти; или
- учество во најмалку еден изведен архитектонски јавен објект и најмалку две учества во групни изложби од областа на архитектурата, односно групни проекти.

Самостојниот уметник од областа на применетите уметности во последните пет години, треба да има:

- најмалку две свои ревии/колекции или најмалку една своја ревија/колекција и учество со свои различни креации на најмалку три модни ревии, или
- најмалку 20 ликовно-графички идејни решенија, или
- две самостојни изложби на копаничарски дела и учество во три групни изложби со различни копаничарски дела; или
- изработено еден поголем авторски копаничарски проект во јавен објект и учество во три групни изложби со различни копаничарски дела, или
- учество во три поголеми авторски копаничарски проекти во јавен простор и учество во три групни изложби со различни копаничарски дела.

**Критериуми за музичка уметност**

Член 4

Самостојниот уметник - автор на музички дела, во последните пет години треба да има создадено:

- најмалку пет дела од различни форми од класичната музика (автори-композитори на класична музика), или
- најмалку 20 аудиозписи (автори на популарна и новосоздадена музика), или
- музика за најмалку еден долгометражен игран, документарен и анимиран филм (во натамошниот текст: долгометражен филм) или за два долгометражни телевизиски филма или за четири краткометражни играни, документарни или анимирани филмови (во натамошниот текст: краткометражни филмови) или за две одделни играни, документарни и анимирани серии (во натамошниот текст: други аудиовизуелни дела), (автори на музика за филм, телевизиски филм или за други аудиовизуелни дела), или
- музика за најмалку две театарски претстави, или
- најмалку три различни видови музички дела од алинеите 1, 2 3 и 4 на овој член, во комбинација.

Член 5

Самостојниот уметник - изведувач на музички дела, во последните пет години треба да има:

- најмалку пет самостојни концерти или најмалку два албуми или најмалку 20 аудиозписи (изведувач на музички дела од популарна или новосоздадена музика), како поединец или како член на група, или
- најмалку три различни солистички улоги или најмалку пет споредни улоги (оперски пејач), или
- најмалку пет настапи со две различни програми од кои најмалку три изведби на дела од автори од Република Северна Македонија (инструменталист на уметничка/класична музика), или
- најмалку пет настапи со различни програми од кои најмалку три дела од автори од Република Северна Македонија (диригент).

**Критериуми за танцова уметност**

Член 6

Самостојниот уметник – балетски играч, изведувач на современ танц и кореограф, во последните пет години треба да има:

- најмалку три солистички улоги или шест епизодни/споредни улоги во танцови дела од класичниот балет, или
- најмалку пет изведби на дела од современ танц, или
- најмалку три различни кореографии за балетски дела или за современ танц или за фолклорни танци.

**Критериуми за литература, превод и критика**

Член 7

Самостојниот уметник - писател, преведувач, автор на критички текстови од областа на културата, во последните пет години треба да има:

- најмалку три дела (публикации), или
- најмалку пет преводи на дела (публикации), или
- најмалку 30 литературни, односно музички, односно ликовни односно, филмски, односно телевизиски или други уметнички критики, осврти или реферати објавени во публикации, во дневните весници, во периодиката, во електронските и во другите медиуми, или
- најмалку пет дела од алинеите 1 и 2 на овој член, во комбинација.

**Критериуми за сценско-уметнички, филмски и други аудиовизуелни дела**

Член 8

Самостојниот уметник - костимограф, во последните пет години треба да има:

- костимографии за најмалку пет сценско-уметнички дела (театар, опера, балет, мјузикал, танцов перформанс и друго), или
- костимографии за најмалку еден долгометражен филм или за два долгометражни телевизиски филмови или за четири краткометражни филмови или за две одделни аудиовизуелни дела, секое со по најмалку седум епизоди или за најмалку едно друго аудиовизуелно дело кое се емитувало во две одделни сезони, со најмалку седум епизоди во сезона, или
- костимографии за пет различни видови дела од кои било од делата од алинеите 1 и 2 на овој член, во комбинација.

Член 9

Самостојниот уметник – сценограф, во последните пет години треба да има:

- сценографии за најмалку пет сценско-уметнички дела (театар, опера, балет, мјузикал, танцов перформанс и друго),или
- сценографии за најмалку еден долгометражен филм или за два долгометражни телевизиски филмови или за четири краткометражни филмови или за две одделни аудиовизуелни дела, секое со по најмалку седум епизоди или за најмалку едно друго аудиовизуелно дела кое се емитувало во две одделни сезони, со најмалку седум епизоди во сезона, или,
- сценографии за пет различни дела од кои било од делата од алинеите 1 и 2 на овој член, во комбинација.

Член 10

Самостојниот уметник - актер, во последните пет години треба да има:

- најмалку три главни улоги или пет споредни улоги во национални и/или професионални независни и алтернативни театри (театарска продукција), или
- најмалку една главна односно три споредни улоги во долгометражни филмови, или телевизиски долгометражни филмови, или краткометражни филмови или во две други различни аудиовизуелни дела со најмалку седум епизоди или во најмалку едно друго аудиовизуелно дела кое се емитувало во две одделни сезони со најмалку седум епизоди во сезона, или
- пет главни и/или споредни улоги во било кои од делата од алинеите 1 и 2 на овој член, во комбинација.

Член 11

Самостојниот уметник - режисер, во последните пет години треба да има:

- најмалку три режии на сценско-уметнички дела (театар, опера, балет мјузикал, танцов перформанс и друго) или
- режија на најмалку еден долгометражен филм или на два долгометражни телевизиски филма или на три краткометражни филма или на еден 40-минутен анимиран филм или на две одделни аудиовизуелни дела, секое со најмалку четири епизоди, или најмалку едно друго аудиовизуелно дело што се емитувало во две одделни сезони со најмалку четири епизоди во сезона или
- режија на пет различни дела од кои било од делата од алинеите 1 и 2 на овој член, во комбинација.

Член 12

Самостојниот уметник - директор на фотографија, директор на продукција, автор на маски, главен снимател и монтажер, во последните пет години треба да има:

- најмалку еден долгометражен филм или два долгометражни телевизиски филмови или четири краткометражни филмови или две одделни аудиовизуелни дела, секое со по најмалку седум епизоди или најмалку едно друго аудиовизуелно дело кое се емитувало во две одделни сезони, со најмалку седум епизоди во сезона, или
- најмалку четири различни дела од кои било од алинеата 1 на овој член, во комбинација.

Член 13

Самостојниот уметник - главен цртач на анимиран филм, во последните пет години треба да има најмалку три краткометражни анимирани или еден 40-минутен анимиран филм.

Член 14

Самостојниот уметник - писател на драмски текстови и сценарист на филм односно телевизиски филм односно на друго аудиовизуелно дело, во последните пет години треба да има:

- најмалку два драмски текста во театар, или
- сценарија за најмалку еден долгометражен филм или за два долгометражни телевизиски филмови или за четири краткометражни филмови или за две одделни аудиовизуелни дела, секое со по најмалку седум епизоди или за најмалку едно друго аудиовизуелно дело кое се емитувало во две одделни сезони, со најмалку седум епизоди во сезона, или
- драмски текстови односно сценарија за три различни дела од кои било од делата од алинеите 1 и 2 на овој член, во комбинација.

Член 15

При утврдување на исполнетоста на критериумите од членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од овој правилник, не се земаат предвид:

- рекламно аудиовизуелно дело, аудиовизуелна комерцијална комуникација, телевизиско шоу и други телевизиски програми,
- активности од областа на информатичката технологија, софтверски и компјутерски услугии, и
- активности поврзани со развој и продукција на играчки и/или игри.

**Преодни и заврши одредби**

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престануваат да важат Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување месечни надоместоци од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за данокот на личен доход на самостојните уметници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 252/2021 и бр. 258/2022).

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 53-6886/3
18 август 2025 година
Скопје

Министер,
**Зоран Љутков,** с.р.